# ЗАПИСНИК

од шестнаесеттиот состанок во 2014 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации што се одржа на 17.11.2014 година во 10:00 часот

Шестнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 17.10.2014 година во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присустуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова,
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
4. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов
5. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини
6. Шефот на кабинет на Директорот Елизабета Двојакова,
7. Советникот за анализа на пазар Владимир Ристевски,
8. Раководителот на сектор за финансии – Владимир Велковски
9. Раководителот на Секторот за правни работи - Бојана Стефановска-во својство на записничар.

На состанокот беше предложен и усвоен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од петнаесеттата седница на Комисијата на АЕК одржана на 22.10.2014 година

2. Разгледување на Кварталниот извештај за работата на Агенцијата за третиот квартал (Јули- Септември) од 2014 година

3. Разно

**1. Усвојување на Записникот од петнаесеттата седница на Комисијата на АЕК одржана на 22.10.2014 година**

Од страна на Комисијата беше усвоен Записникот од петнаесеттата седница на Комисијата на АЕК одржана на 22.10.2014 година и дневниот ред за шестнаесеттиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК.


Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

2. **Разгледување на Кварталниот извештај за работата на Агенцијата за третиот квартал (Јули- Септември) од 2014 година**

Комисијата го разгледа Кварталниот извештај за работата на Агенцијата за третиот квартал (Јули- Септември) од 2014 година и посебно внимание обрна на проектите кои се наведени во извештајот по Сектори/служби и се интересираше за нивниот континуитет посебно за роковите кои се определени до крајот на 2014 година. Образложено беше дека Агенцијата ќе го запази рокот зададен согласно член 188 од ЗЕК до 06.12.2014 година да ги донесе сите подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за електронски комуникации. Исто така беше образложено и за текот на постапките за јавни набавки за кои е претходно добиена согласност од Комисијата, а кои се во процедура.

Посебно внимание беше обрнато на финансискиот дел од извештајот при што се побара дополнително објаснување за поодделни ставки кои беа од интерес на Комисијата. Комисијата се интересираше за одредени трошоци кои се поголеми од планираните иако на контото не го надминуваат планираниот износ. Од стручните служби беше образложено дека се резултат на околности кои не можеле да се предвидат однапред, на што Комисијата реагираше и констатира дека тогаш е во прашање погрешно планирање и укажа да се обрне поголемо внимание при планирањето и реализацијата на средствата за 2015 година. Исто така Комисијата стави забелешки во иднина да се води сметка и за бројот на назначени лица кои учествуваат на одредени настани и патувања во странство.

Комисијата на крајот на дискусијата едногласно го прифати Кварталниот извештај за работата на Агенцијата за третиот квартал (Јули- Септември) од 2014 година, со напомена во иднина да не се повторуваат горенаведените забелешки.

3. **Разно**

По оваа точка од дневниот ред беше побарано да се произнесат стручните служби дали се добиени одговори евентуално од Министерството за правда по барањата за донации кои беа претходно доставени, но во архивата на АЕК сеуште немаше повратен одговор од надлежното Министерство.

Состанокот заврши во 12:40 часот.

**Гордана Клинчарова, претседател** ________________

**Славе Веловски, член** ________________

**Петар Есмеров, член** ________________

**Горан Велинов , член** ________________

**Газменд Ајдини , член** ________________

Наш број 1102-20/2

Скопје 26.11.2014



Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта contact@aec.mk